РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 05 -01- 2023
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 11 | 311 | | |

**До: Општина Битола** **наш арх.бр.10-140/4 од 30.12.2022**

**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од:

______________________________________________

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. **Дали општината организирала избори за месна самоуправа во текот на 2022? Доколку се организирани ве молиме во прилог да ја доставите одлуката за распишување на изборите за месна самоуправа.**
2. **На кој начин е обезбедена јавно достапна информација за времето и местото на одржување на изборите за месна самоуправа во 2022? Ве молиме во прилог да го доставите повикот за избори на МС.**
3. **Во колку МЗ и УЗ се организирани собири на граѓани за избор на претседатели и членови на совет на МС?**
4. **Колкав е вкупниот бројот на граѓани присутни на собири на граѓани за избор на претседатели и членови на совет на МС? Ве молиме податоците разделете ги по пол.**
5. **Колкав е вкупниот број на избрани претседатели на МЗ и УЗ? Ве молиме податоците разделете ги по пол.**
6. **Колкав е вкупниот број на избрани членови во советите на МС? Ве молиме податоците разделете ги по пол.**
7. **Кога последен пат е распишан повик за избор за месна самоуправа на територија на вашата општина, доколку не се организирани избори за МС во 2022?**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________

(се наведува барaниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________

(се наведува барaниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 30.12.2022 година** ______________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Горан Ѓоревски
Раководител на одделение за имот и
имотно правни работи

Бр.11-3/2
05.01.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-3/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување (одговор) по однос на истото во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА IV

Примил:
Светл
11.01.2023

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА
Одделение за имот и имотно – правни работи

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 16 -01- 2023
11-3/3

11.01.2023 год. – Битола

До :
Општина Битола
Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер

Предмет: Одговор на Барање за доставување на податоци

Врска: Барање Ваш број 11-3/2 од 05.01.2023год.

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за доставување информации од јавен карактер заведено под горенаведениот број и датум Ве известуваме дека:

1. Општина Битола има организирано избори во текот на 2022 година согласно Закон за локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М бр.5/2002) и Статут на Општина Битола (Сл. гласник на Општина Битола бр.10/05 и 17/08). За спроведување на изборите издадено е овластување бр. 03-98/1 со кое се овластува вработен во општинската администрација да учествува во постапките за избор на органи на облиците на месна самоуправа Совет и Контролен одбор на месна самоуправа.
2. Јавно достапна информација за времето и местото на одржување на изборите за месна самоуправа е обезбедена преку соопштенија истакнати на објектите во кои функционираат урбаните и месните заедници.
3. Организирани собири на граѓани за избор на претседатели и членови на совет на МС се одржани во 24 урбани заедници и 53 месни заедници.
4. Точен податок за вкупниот број на присутни граѓани на собирите за избор на претседатели и членови на совет на МС нема.
5. Вкупниот број на избрани претседатели е:
   - 24 претседатели на урбани заедници и 53 претседатели на месни заедници од кои 76 мажи и 1 жена.
6. Вкупниот број на избрани членови во советите на МС е 327.

**РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ**
**Горан Ѓоревски, дипл. правник**

Изготвил:
Дејан Трајковски, м-р

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-3/4
17.01.2023

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот со стан на поднесено на **05.01.2023 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето од по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр.1 Дали општината организирала избори за месна самоуправа во текот на 2022? Прашање бр. 2 На кој начин е обезбедена јавно достапна информација за време и место на одржување? Прашање бр. 3 Во колку МЗ и УЗ се организирани собири на граѓани? **(детален опис на барањето во прилог на решението)**

## СЕ УВАЖУВА

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од со стан на имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-3/1
2. Допис до Одделение за имот и имотно правни работи со бр. 11-3/2 од 05.01.2023 год.
3. Одговор од Одделение за имот и имотно правни работи со бр. 11-3/3 од 16.01.2023 год.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 17.01.2023 година, под бр. 11-3/4.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Цветанка Ристевска**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk